**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-390
22.12 **2023 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20, 77/21 и 154/23), а во врска со член 53 став 2 од истиот Закон, точка 4 и 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-4474/1 од 01.12.2023 година, а во согласност со Заклучокот арх.бр.02-4656/5 од 21.12.2023 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 41-та седница одржана на 21.12.2023 година, го донесе следното

**Решение**
**за преземање мерка – јавна опомена**

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво (ТРД) Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, заради извршена повреда на член 53 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), на начин што во рамките на својот телевизиски програмски сервис, емитуван на 7-ми ноември 2023 година, во дел од утринската, информативно-забавна емисија „Ја сакам Македонија" била емитувана прикриена аудиовизуелна комерцијална комуникација за производ од фирмата „Comodita Home".

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-4474/1 од 01.12.2023 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, веднаш по приемот на ова Решение да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ.

3. Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата).

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата врз основа на член 28 од ЗАВМУ е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата презема мерка - јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда или прекршување на одредбите од ЗАВМУ и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Членот 53 став 2 од ЗАВМУ пропишува дека не се дозволени прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата преку Секторот за програмски работи, на 1-ви декември 2023 година, изврши редовен програмски надзор (мониторинг) врз телевизискиот програмски сервис на ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 7-ми ноември 2023 година, на државно ниво, при што констатираше прекршување на член 53 став 2 од ЗАВМУ (недозволени прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации).

Имено, прекршувањето е констатирано во прилог од утринската, информативно - забавна емисија „Ја сакам Македонија", направен како интервју со претставничка на „Comodita Home", кое во целост претставува посебно промотивно препорачување производ од понудата на фирмата, односно е реализирано како - необележана / прикриена аудиовизуелна комерцијална комуникација. Прикриената аудиовизуелна комерцијална комуникација на производот - душекот за спиење - *Cloud* од „Comodita Home„ е направена преку: опис и тврдења (придружени со видео презентација) директно поврзани со подробните карактеристики / составот на производот; употреба компаративни/суперлативни тврдења за „здравствената" делотворност на производот; посочување на продажната цена и на тековните попусти на производот; можност да се учествува во наградна игра по купување на производот; упатување на достапноста на производот; укажувања за дистрибутивната и за продажна мрежа на претставништвото на „Comodita Home"; посочување контакт-телефон за да се извршат нарачката и купувањето; како и ретките прашања што водителката на утринската емисија ѝ ги поставува на претставничката на „Comodita Home", го сведуваат разговорот на – промотивен монолог, односно целосно одат во прилог на погоре опишаната промотивна комерцијална цел, а дополнително и самата водителка ги протежира карактеристиките на производот, детално наведени во точка 7, Констатации од надзорот, во делот – *Цитати* (буквален транскрипт) од посебното промотивно препорачување преку кое се реализира прикриената аудиовизуелна комерцијална комуникација, од Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-4474/1 од 01.12.2023 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата до ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, на 04.12.2023 година, испрати допис – Доставување писмен извештај од надзор за изјаснување арх.бр.10-4474/2 од 04.12.2023 година, со кој му го достави предметниот Писмен извештај, со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од ЗАВМУ. Дописот беше уредно примен од страна на радиодифузерот на 05.12.2023 година, за што во предвидениот рок ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, достави писмено изјаснување за стореното прекршување на одредбите од ЗАВМУ, наш арх.бр.10-4474/3 од 11.12.2023 г. Советот на Агенцијата на 41-та седница одржана на 21.12.2023 г., го разгледа предметниот Писмен извештај и доставеното писмено изјаснување и заклучи на ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, а во врска со член 53 став 2 од истиот Закон, точка 4 и 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-4474/1 од 01.12.2023 година, поради констатирано непочитување на одредбите од ЗАВМУ, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата на 41-та седница одржана на 21.12.2023 година, согласно Заклучокот арх.бр.02-4656/5 од 21.12.2023 година, донесе Решение со кое јавно се опоменува ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје и му се наложува веднаш по приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ. Агенцијата ќе изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 од ЗАВМУ, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Прилог (1):**

- Писмен извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-4474/1 од 01.12.2023 година.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседателот на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје;
- Управителот на ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје;
- Одговорното лице на програмата во ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за програмски работи; и
- Назначените лица во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија “бр. 42/20, 77/21 и 154/23), се доставува:

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

01.12.2023

10 4474 1

1. **Вид надзор:** Редовен;

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот:** 7 ноември 2023 година;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 1 декември 2023 година;

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);

   - **Правилник за заштита на малолетните лица** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 172/14);

   - **Членовите 53, 54, 55, 98, 99, 100 и 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (правила за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации);

   - **Упатство за примена на одредбите за пласирање производи** („Службен весник на Република Македонија“ бр.201/14);

   - **Правилник за спонзорство** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/15);

   - **Правилник за нови рекламни техники** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/15);

   - **Член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (обврски при обезбедување квизови или други облици на наградно учествување);

   - **Член 93 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање);

- **Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност** („Службен весник на Република Македонија" бр. 185/14);
- **Член 94 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (емитување игри на среќа);

6. **Претходно изречена мерка: /**

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот програмски надзор, реализиран врз програмскиот сервис на ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 7 ноември 2023 година, на државно ниво, **констатирано е прекршување на членот 53 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - *забрана за прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации.***

Прекршувањето е евидентирано во прилог од утринската, информативно - забавна емисија „Ја сакам Македонија", направен како интервју со преставничка на „Comodita Home", кое во целост претставува посебно промотивно препорачување производ од понудата на фирмата, односно е реализирано како - необележана / прикриена аудиовизуелна комерцијална комуникација.

| **Опис на содржината** | **Датум** | **Период на емитување** | |
|---|---|---|---|
| | | почеток | крај |
| Необележана комерцијална презентација на производ од фирмата „Comodita Home", емитувана во рамките на информативно - забавната емисија - „**Ја сакам Македонија**"; | 7 ноември | 08:39:10 | 08:47:04 |

Прикриената аудиовизуелна комерцијална комуникација на производот - душекот за спиење - *Cloud* од „Comodita Home„ е направена преку:

- опис и тврдења (придружени со видеопрезентација) директно поврзани со подробните карактеристики / составот на производот;
- употреба компаративни/суперлативни тврдења за „здравствената" делотворност на производот;
- посочување на продажната цена и на тековните попусти на производот;
- можност да се учествува во наградна игра по купување на производот;
- упатување на достапноста на производот;
- укажувања за дистрибутивната и за продажна мрежа на преставништвото на „Comodita Home";
- посочување контакт-телефон за да се извршат нарачката и купувањето;

- ретките прашања што водителката на утринската емисија ѝ ги поставува на претставничката на „Comodita Home", го сведуваат разговорот на – промотивен монолог, односно целосно одат во прилог на гореопишаната промотивна комерцијална цел, а дополнително и самата водителка ги протежира карактеристиките на производот.

***Цитати*** (буквален транскрипт) од посебното промотивно препорачување преку кое се реализира прикриената аудиовизуелна комерцијална комуникација:

Водителката: - *А сега е време за купување и тоа онлајн - заедно со мене Валбона Фазлиу, преставник на Comodita Home и денешната дневна понуда којашто ни доаѓа оттаму е, пак ќе кажам, еден од најпосакуваните душеци за најубав сон, станува збор за душекот Cloud;*

Гостинката: - *И денеска сме заедно за да ви ја презентираме дневната понуда на Comodita TV-shop, емисија експресна којашто ви нуди најдобри цени со бесплатна достава и со големи попусти од нашите продавници.*

- *(...) сите вие што денеска сакате да инвестирате за нашиот кралски душек Cloud, којшто го презентираме реално за втори пат во Comodita TV-shop заради тоа што заинтересираноста е многу голема исто така и залихата, некогаш е многу потешко за нашите душеци да ги најдеме бидејќи барањата се големи од нашите клиенти - но сега се враќа во нашите понуди душекот Cloud, којшто долго го очекувавте и стварно е едно од најбараните душеци во нашиот бренд, бидејќи станува збор за стварно еден душек којшто ги има сите карактеристики што нас ни се потребни. Сите вие што ќе купувате за душекот Cloud, сите вие што ќе се јавите на 0800 10 206 и ќе инвестирате за овој душек, ќе бидете дел од наградната игра, потенцијален добитник на возилото Фиат 500, но исто така досега имаме доделено 250 награди што значи дека до крајот на годината ќе доделуваме уште награди за сите вие што купувате, инвестирате во Comodita Home, тоа може да се возврати со едно возило како што е Фиат 500. Денеска ќе зборуваме за душекот, којшто ќе имате можност и да го видите во нашата емисија пред вестите во 12 и пред вестите во 16 часот. Душекот Cloud доаѓа со 34 см висина има меко чувство, исто така е специјално дизајниран да обезбеди високо ниво на терморегулација. Ова е многу важно нешто бидејќи сите ние може да се потиме додека спиеме, но со терморегулација како што го има самиот душек Cloud, ние ќе спиеме удобно и без грижа. Благодарение на интеракцијата на неколку слоеви на пена со уникатни структури, душекот нуди удобност и ослободување од притисок и поддршка за природно, исправено држење на телото;*

Водителката: - *Гледачите имаат можност да го видат, а ти убаво да го објасниш, еве гледајте колку слоеви има овој душек има и спирали, меѓудругото навистина станува збор за, да - совршенство...;*

*Гостинката: Исто така многу важен дел е дека душекот Cloud доаѓа со 34 см висина и нуди 10 години гаранција. Има еден материјал,*

*надворешен, којшто е многу уникатен од сите други душеци, плиш-материјалот којшто ни овозможува да имаме мека текстура;*

- *Порозната структура е многу важна кога инвестирате на нови душеци, бидејќи таа струкутра овозможува да ве држи далеку од бактерии и алергии, значи да ве заштити од овие паразити, овозможува циркулација на свежиот воздух, но истовремено многу е важно да знаете дека душекот Cloud е единствениот душек којшто не доаѓа во вакумирана состојба, ви доаѓа во вертикална состојба самиот душек и многу е важно дека веднаш може да го користите. Само денеска со душекот Cloud ќе добивате многу попуст, значи голем попуст од самите продавници на Comodita Home. Само преку Comodita TV-shop ќе имате дополнителен попуст, димензијата 2 x 90 денеска од редовната цена којашто би била 61299 денари денеска има фантастично намалување за само 24690 денари, димензијата 2 x 160, од 91899 денари денеска исто така има големо намалување за само 47290 денари и најголемата димензија 2 x 180 од 104499 неверојатна цена со голем попуст го добивате само преку Comodita телешоп за 52490 денари. Душек со 10 години гаранција, имате над осум слоеви на пена и на индивидуални пружини, имате прекрасна текстура на самиот надворешен материјал, ви нуди 10 години гаранција, затоа инвестирајте денеска и да бидете потенцијален добитник на Фиат 500 возилото коешто ќе го доделиме на крајот на годината.;*

<u>Водителката</u>: - *Ние ќе ги потсетиме нашите гледачи дека да видите и како овој душек како изгледа во некоја просторија, се разбира дека ние тука многу би сакале да го донесеме но немаме такви услови. Од тие причини може да ги погледнете специјалните изданија на Comodita телешоп кои што одат во оние термини со вести околу 12 часот и 16 часот, каде детално ги анализираме сите овие перформанси на душекот Cloud. Меѓутоа оние коишто можеби веќе го испробале во Comodita и знаат каков квалитет добиваат, можете уште веднаш да се јавите на 0800 10 206, операторите на Comodita се присутни и ве чекаат сè до 21 часот, иако морам да кажам дека залихите се ограничени, секогаш е подобро доколку побрзате. Кога станува збор за душекот Cloud, еве и Валбона спомена, навистина е душек којшто овозможува спиење како на облаци со оглед на сите оние карактеристики коишто ги напоменавме, видовме за колку видови на пена станува збор, се разбира тука е вклучена и полиуретанската и мемори-пената, сите тие да кажам состојки, компоненти што ги содржи душекот Cloud, овозможуваат да имате поттпора на оние клучни точки од телото, како одат годините Валбона така и сè потешко е едноставно да не ве болат коските и слично, меѓутоа главата, вратот, рамената, половината и се разбира нозете.;*

<u>Гостинката</u>: - *Би сакала само да додадам дека преку целиот ден нашето тело акумулира многу стрес и тоа може да се ослободи додека имаме еден квалитетен душек како што е на пример душекот Cloud. Исто така душекот Cloud може да ја тргне целата, да кажеме, како лоша енергија и како стрес, што нашето тело го акумулира низ целиот ден. Додека вие имате длабок сон тоа може да ве ослободи и да ви овозможи стварно да спиете здрав сон и длабок сон.*

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на членот 53 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, на телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 7 ноември 2023 година на државно ниво, во дел од утринската, информативно-забавна емисија „Ја сакам Македонија" беше емитувана прикриена аудиовизуелна комерцијална комуникација за производ од фирмата „Comodita Home".

9. **Предлог мерка:**

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво ТВ СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, и согласно со точката 4 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи - веднаш по приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;
- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***